Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Управа за извршување на санкциите**

**КПУ ЗАТВОР КУМАНОВО**

**со Отворено Одделение во Крива Паланка**

Бр. 0402-2280/1
Куманово,14.10.2021 год.

Министерство за правда

КПУ Затвор Куманово
со Отворено одделение
во Крива Паланка

с. Кшање бб
1300 Куманово,
Република Северна Македонија

Тел. (031) 411-433
Сајт: www.pravda.gov.mk
E-mail: zatvorkumanovo@yahoo.com

Врз основа на член 31 од Закон за извршување на санкциите (Сл.весник на РСМ бр.99/2019 и 220/2019), член 55 став(2) од Законот за организација и работа на органите на државната управ (Службен весник на РМ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), член 2 став (1) и член 3 од Правилникот за заштитено надворешно пријавување во институциите во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр.46/16), член 3 од Упатството за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните податоци и други податоци на укажувачите на Казнено поправен дом Прилеп бр. 2261/1 од 13.10.2021 година, а во врска со член 4 од Законот за заштита на укажувачите (Службен весник на РМ бр.196/15 и 35/18), Директорот на КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка донесе:

# РЕШЕНИЕ

## за назначување на лице за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните податоци и други податоци на укажувачите

1. Се назначува и овластува службеното лице Драган Лазаревски, вработен во КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка, распореден на работно место Заповедник во Затворска полиција, за овластено лице за прием на пријави од укажувачи,издвојување и обработка на податоци од пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите. Овластеното лице може да се контактира на адреса с. К'шање б.б. општина Куманово, телефон 031/411-433, или на e-mail:zatvorkumanovo@yahoo.com.
2. Лицето овластено за прием на пријави од укажувачи е должно:
   - Да постапува по пријавувањето со почитување на процедурите утврдени со актот за надворешно пријавување;
   - Да ги заштитува личните податоци на укажувачите, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој бара да биде анонимен или пријавува доверливо, согласно со прописите за заштита на личните податоци;
   - Да го информира укажувачот кој е познат за превземените мерки во врска со пријавата без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.



Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ ЗАТВОР КУМАНОВО
Со Отворено одд. во Крива Паланка

с.К'шање, Куманово
Република Северна Македонија

+389 31 411 433
+389 31 411 477 -факс
zatvorkumanovo@yahoo.com

Република Северна Македонија
Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ ЗАТВОР КУМАНОВО
со Отворено Одделение во Крива Паланка

## Образложение

Согласно член 4 од Законот за заштита на укажувачите (Службен весник на РМ бр.196/15 и 35/18) и член 2 став (1) и член 3 од Правилникот за заштитено надворешно пријавување во институциите во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр.46/16), член 3 од Упатството за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните податоци и други податоци на укажувачите на КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка бр.02-2261/1 од 13.10.2021 год. Директорот на КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка донесе решение со кое определи овластено лице за прием на пријави од укажувачи кое согласно одредбите од Законот за заштита на укажувачи како и процедурите утврдени со актот за надворешно пријавување да постапува по пријавувањето со почитување на процедурите за надворешно пријавување, да ги заштитува личните податоци на укажувачите, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој бара да биде анонимен или пријавува доверливо, согласно со прописите за заштита на личните податоци, да го информира укажувачот кој е познат за превземените мерки во врска со пријавата без одлагање, најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

Врз основа на горе наведеното Директорот на КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение именуваната има право на жалба до Државна Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 дена од денот на приемот.

**ДИРЕКТОР,**
**НЕНАД ЦВЕТКОВИЌ**

**ДОСТАВЕНО ДО :**

- Овластено лице
- Веб страна на УИС
- Огласна табла на КПУ Затвор Куманово
- ДКСК
- Архива


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ ЗАТВОР КУМАНОВО
Со Отворено одд. во Крива Паланка
с.К'шање, Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 411 433
+389 31 411 477 -факс
zatvorkumanovo@yahoo.com